IV СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА
„КРИТИЧНИ ПРАШАЊА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УГД - ШТИП

# ПРОИЗВОДСТВО НА РУКОЛА ВО ЗАШТИТЕН ПРОСТОР

ХРИСТИЈАН РИСТОМАНОВ, ФИДАНКА ТРАЈКОВА

# ВОВЕД

- **Рукола** (*Eruca vesicaria* (L.) Cav.), е едногодишно зељесто растенија од фамилијата *Brasiccaeae*, природно распространена во областа на Средоземјето.
- Руколата е вкусен лиснат зеленчук со пикантен, горчлив и јак ароматичен вкус. богат со многу витамини и минерали. Оваа култура има високи хранливи диететски и лековити својства. Таа е богат извор на калциум, магнезиум, железо, калиум, фосфор, витамин А, витамин К, витамин С, фолна и пантотенска киселина.



# ВОВЕД

- Во исхраната се користи како салата или компонента во мешани салати за подобрување на аромата и вкусот. Особено е позната како салата во медитеранската кујна подготвена со маслиново масло и сирење моцарела.
- Горчината на листовите се зголемува со нивната старост, па затоа е најдобро да се консумираат млади листови.
- Во Апулија, во јужна Италија, рукола се користи за да се направи јадење со тестенини „cavatiéddi“.
- Во Словенија, руколата често се комбинира со варени компири или се користи во супа.
- Во Западна Азија, Пакистан и северна Индија, семето од рукола се притиска за да се направи масло од тарамира, кое се користи при како салата или масло за готвење.
- Кај нас руколата како зеленчук е воведена во исхрана последните 7-8 години и се користи главно како салата или декорирање на храна.



# Системи за производство на рукола

- **Производство на рукола на отоврено** – Се сее крајот на април и почетокот на мај, на добро обработена почва, со користење на квалитетен семенски материјал. При овој начин на производство руколата е целосно изложена на надворешни влијанија што влијае на нејзиниот квалитет.
- **Производство на рукола во заштитен простор**
  - Побрз раст на растенијата и прва берба за само неколку недели од сеидбата
  - Целогодишно производство, без оглед на надворешните услови
- **Производство на рукола во хидропонични системи -** најнов начин на одгледување на рукола кое бара повеќе знаење и поголема инвестиција во однос на производството.



Оригинална фотографија: Христијан Ристоманов





https://www.trueleafmarket.com/pages/arugula-herb-growing-guide-page

# Информација за индивидуалното земјоделско домаќинство

- Вкупна обработлива површина во с. Пирава: 7 декари
  - 4,5 декари на отворно и 2,5 декари заштитен простор
- Механизација: мотокултиватор со приклучни делови за обработка на почва.
- Култури кои се одгледуваат: домат, тиквички, цвекло, млад кромид, марула, рукола, блитва, магданос, копар, мента, босилок, роквица, коријандер.
- Во производството се вклучени тројца членови на фамилијата.



Оригинална фотографија: Христијан Ристоманов









**Оригинални фотографии: Христијан Ристоманов**

# Производство на рукола во заштитен простор

- Локацијата на пластеници: с. Пирава, Валандово
- Површина на производство: 5 пластеници на 1 декар, 70 000 растенија на декар
- Почвата се обработува на 20 cm, а сеидба се изведува на 1 cm длабочина со користење на здраво и квалитетно семе. Меѓуредовото растојание е 25 cm и 3-5 см меѓу растенијата во ист ред.
- Агротехнички мерки:
  - Наводување и исхрана на културата се врши со органски и неоргански ѓубрива преку системот „капка по капка”
  - Меѓуредово рачно плитко окопување и отстранување на плевели
  - Заштитата од болести и штетници сведена на минимум.
- Заштита од директна сончева светлина со мрежи во летниот период
- Бербата се извршува рачно со ножици и скалпели.







Оригинални фотографии: Христијан Ристоманов

# Берба на рукола

- Бербата се врши кога руколата има добро оформена лисна розета. Од сеидба до берба поминуваат 35-40 дена и бербата може да се извршува повеќе пати во една вегетативна сезона.
- Со редовна сеидба имаме производство на рукола преку целата година. Обично дава до 2 $kg/m^2$, односно приносот е 2-2,5 тони/декар.
- Набераната рукола се врзува со ластици и се пакува во вреќи.
- Се пласира на трговци на големо и мало и ресторани.





**Оригинални фотографии: Христијан Ристоманов**

# Производство на рукола во споредба со производство на домат – практични искуства

- Поголем број на растенија на $m^2$ од рукола во споредба со домат.
- Доматот има многу поголеми трошоци за репроматеријали и поголем обем на работа.
- Руколата има помали трошоци за репроматеријали и помал обем на работа.
- Руколата е култура која нема сериозни проблеми со болести и штетници.
- Финансиската добивка од производство на рукола е поголема од производство на домат на иста површина.



**Оригинална фотографија: Христијан Ристоманов**

# Заклучок

- Одгледувањето рукола во заштитен простор е едноставно и за искусни производители и за почетници.
- Моментално, мал број на индивидуални земјоделски производители се занимаваат со производство на рукола.
- Во комбинација на производство со други салати и производи интересни за HoReCa секторот може да биде извор на солидна заработка за индивидуално земјоделско домаќинство поради тоа што овие култури не бараат скапи инвестиции и не се трудоинтензивни.
- Без разлика што одгледувате, најважен е квалитетот на самиот производ.



Оригинална фотографија: Христијан Ристоманов